# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 9** **Вторник, 23 Август 2022** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А

1. *Одлука за редуцирање на јавното осветлување на територијата на Општина Демир Капија……………………………………………………………………………………………………*
2. *Правилник за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија…………………………………………………….*
3. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година……………*
4. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија……………………………………………………………………...*
5. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на Јавно претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија…………………………………....*
6. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија……………………………………………………....*
7. *Решение за одобрување на еднократна парична помош……………………………………………...*
8. *Решение за одобрување на еднократна парична помош……………………………………………..*
9. *Решение за одобрување финансиски средства на Здружение фудбалски клуб ЛОЗАР 1946 Демир Капија………………………………………………………………………………………………....*
10. *Решение за одобрување на еднократна парична помош……………………………………………..*
11. *Одлука за потреба за определување на граници на Заштитни зони околу бунарите за водоснабдување на Демир Капија (ЕБ-1 и ЕБ-2)……………………………………………………....*
12. *Решение за избор на Директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија...............................................................................................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за редуцирање на јавното осветлување на територијата на Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за редуцирање на јавното осветлување на територијата на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/1
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 22 став (4) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општина Демир Капија на 12-та седницата одржана на ден 22.08.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За редуцирање на јавното осветлување на територијата на Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за редуцирање на јавното осветлување на подрачјето на Општина Демир Капија како на град Демир Капија така и на населените места во општината.

**Член 2**

Постоечката електрична инфраструктура во град Демир Капија и населените места од општина Демир Капија од оваа Одлука ќе се исклучува во периодот од 00:00 часот по полноќ. Оваа мерка ќе се спроведува до 31.12.2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија" а ќе започне да се применува од 01.09.2022 година.

Број 08 – 643/3
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Правилник за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија**

Се објавува Правилник за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/2
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.05/2002“),а во согласност со член 3 и член 4 од Одлуката за утврдување начин на стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Демир Капија („Службен гласник на Општина Демир Капија“ бр.07/22), Советот на Општина Демир Капија на 12-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат, условите, критериумите, видот и бројот на стипендиите, условите на објавување на

јавниот конкурс, пријавувањето, начинот на доделување стипендии, правата и обврските на примателите на стипендиите како и други прашања кои се однесуваат на начинот на доделување на стипендиите на ученици и студенти од општина Демир Капија, од страна на Општина Демир Капија (во понатамошниот текст Правилникот).

Средствата за реализација на овој вид стипендии се планираат во Буџетот на Општина Демир Капија на годишно ниво по претходно направена процена.

**Член 2**

Предлог за доделување општински стипендии дава Комисијата за стипендирање ученици и студенти формирана од Советот на општина Демир Капија.

Одлуката за доделување на стипендиите ја донесува Советот на општината.

Доделувањето на стипендиите го врши Градоначалникот на општина Демир Капија, на свечена седница.

Комисијата го распишува јавниот конкурс и ги утврдува условите за пријавување (во понатамошниот текст – Комисијата).

**Член 3**

Општина Демир Капија за учебната 2022/2023 година ќе додели:

•3 (три) стипендии на ученици од III-IV година во средно образование;

•3 (три) стипендии на редовни студенти запишани на прв циклус студии на државни факултети во РСМ, со завршена најмалку една година од студиите во високото образование.

Висината на стипендиите е:

•За ученици стипендијата е во висина од 2.000,00 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината;

•За студенти стипендијата е во висина од 3.000,00 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

Износот на стипендиите е неповратен, освен во случај кога студентот ќе го прекине студирањето по своја вина, при што ќе ги врати доделените средства до моментот на прекин на студирањето.

**Член 4**

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат и студираат во училиштата и факултетите во Република Северна Македонија и тоа:

1. Редовни ученици од средно образование со континуиран одличен успех, кои ги исполнуваат условите предвидени во овој Правилник и според наведените критериуми освоиле најмногу бодови.
2. Редовни студенти со континуирано студирање, кои ги исполнуваат условите предвидени во овој Правилник и според наведените критериуми освоиле најмногу бодови а кои во претходните години на студии постигнале просечен успех од најмалку 8,50.

**Член 5**

Бодирањето на учениците во зависност **од успехот** кој е постигнат ќе се вреднува на следниот начин:

• ***Континуиран одличен успех изминатите години***

| Ред.бр. | Просек | Бодови |
|---|---|---|
| 1. | 5,00 | 30 |
| 2. | од 4,90 до 4,99 | 25 |
| 3. | од 4,80 до 4,89 | 20 |
| 4. | од 4,70 до 4,79 | 15 |
| 5. | од 4,60 до 4,69 | 10 |
| 6. | од 4,50 до 4,59 | 5 |

• ***Учество и освоени награди на државни натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници кои можат да организираат натпревари за учениците од средните училишта, интернационални натпревари и олимпијади***

За награди освоени на државно ниво ќе се признаваат само награди доделени од акредитирани здруженија на наставници од страна на Министерството за образование и наука кои организираат натпревари на ученици и тоа:

•За секоја освоена награда на државни натпревари за I место по 10 бода, за II место со 5 бода и за III место со 3 бода;

•Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со 20 бода, за II место со 15 бода и за III место со 10 бода.

**• МАТЕРИЈАЛНАТА СОСТОЈБА НА УЧЕНИКОТ И НЕГОВОТО СЕМЕЈСТВО**

При распределување на утврдените 30 бода по основ материјални можности на ученикот и неговото семејство се земаат во просек материјалните можности на ученикот и неговото семејство, односно вкупниот број на месечните примања (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управа за јавни приходи) во семејството на ученикот поделени по член од семејството на 12 месеци, при што кандидатот може да добие најмногу 30 бода и тоа:

- За приходи од 0 до 6.000 денари по член на семејство.....................................30 бода;
- За приходи од 6.001 до 7.000 денари по член на семејство...........................25 бода;
- За приходи од 7.001 до 8.000 денари по член на семејство...........................20 бода;
- За приходи од 8.001 до 9.000 денари по член на семејство...........................15 бода;
- За приходи од 9.001 до 10.000 денари по член на семејство..........................10 бода;
- За приходи над 10.000 денари по член на семејство...........................................5 бода;

**•Ученик на самохран (починат/разведен) родител, родител со инвалидитет, ученик со инвалидитет или со посебни потреби**

По овој основ може да се добијат 10 бода.

**Член 6**

Бодирањето на студентите во зависност **од успехот** кој е постигнат ќе се вреднува на следниот начин:

| Ред.бр. | Просек | Бодови |
|---|---|---|
| 1. | 10 | 30 |
| 2. | од 9,51 до 9,99 | 25 |
| 3. | Од 9,00 до 9,50 | 20 |
| 4. | Од 8,50 до 9,00 | 10 |

•Освоени награди на државни натпревари за I место со 10 бода, за II место со 5 бода и за III место со 3 бода (за периодот додека трае студирањето);

•Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со 20 бода, за II место со 15 бода и за III место со 10 бода (за периодот додека трае студирањето);

•Објавени стручни трудови од областа за која се оспособува со 10 бода (независно од бројот на доставени трудови);

•Општествени и интелектуални иницијативи на студентите од областа за која се оспособува (учество на семинари, конференции и други образовни проектни активности) ќе се бодираат со по 1 бод.

**• МАТЕРИЈАЛНАТА СОСТОЈБА НА СТУДЕНТОТ И НЕГОВОТО СЕМЕЈСТВО**

При распределување на утврдените 30 бода по основ материјални можности на студентот и неговото семејство се земаат во просек материјалните можности на студентот и неговото семејство, односно вкупниот број на месечните примања (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управа за јавни приходи) во семејството на студентот поделени по член од семејството на 12 месеци, при што кандидатот може да добие најмногу 30 бода и тоа:

- За приходи од 0 до 6.000 денари по член на семејство.....................................30 бода;
- За приходи од 6.001 до 7.000 денари по член на семејство...........................25 бода;
- За приходи од 7.001 до 8.000 денари по член на семејство...........................20 бода;
- За приходи од 8.001 до 9.000 денари по член на семејство...........................15 бода;
- За приходи од 9.001 до 10.000 денари по член на семејство..........................10 бода;
- За приходи над 10.000 денари по член на семејство...........................................5 бода;

**•Студент на самохран (починат/разведен) родител, родител со инвалидитет, студент со инвалидитет или со посебни потреби**

По овој основ може да се добијат 10 бода.

**Член 7**

Јавниот конкурс го објавува Комисијата и содржи вид и број на стипендии, услови за доделување на стипендии, потребната документација, место и рокови на поднесување на документацијата.

Конкурсот ќе биде објавен на огласната табла на општина Демир Капија, на веб страницата на општина Демир Капија и на локалните електронски медиуми во општина Демир Капија.

Конкурсот ќе трае 15 (петнаесет) денови, не сметајќи го денот на неговото објавување.

**Член 8**

**Сите заинтересирани кандидати за добивање стипендија треба да ги достават следниве документи:**

**1.** Пријава од ученикот/ студентот;

**2.** Документи за утврдување на материјално-финансиската состојба на апликантот:

•За вработените членови на семејството да се достават потврди за остварена плата за последните три месеци сметано до денот на поднесувањето на пријавата, или доколку до овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последно исплатената плата за оваа година (за родителите/старателите да се достави плата заверена од работодавецот),

•За пензионираните членови на семејството да се достави документ (чек) за висината на последно исплатената пензија,

•За разведените родители да се достави доказ за разводот, односно ако апликантот користи алиментација од родителот истата да се прикаже како месечен приход,

•За корисниците на социјалната помош да се достави последното решение за корисник на гарантиран минимален приход,

•За невработените членови на семејството на апликантот да се доставаат потврди од Агенцијата за вработување на РСМ дека се невработени или примаат месечен надоместок,

• За инвалидитет да се достави наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадена од надлежна установа, а согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;

• За браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или друга институција.

• Уверение од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи од претходната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал....), за родителите/старателите, кандидатот и другите членови на неговото потесно семејство.

**3.** Нотарски заверена изјава од апликантот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба.

**Апликантите за добивање ученичка стипандија, дополнително треба да достават:**

• фотокопија од лична карта или пасош од родителите со кој се потврдува жителството);

•Свидетелство за континуиран одличен успех;

•Документ кој потврдува освоени награди на државни натпревари;

•Документ кој потврдува освоени награди на меѓународни натпревари

**Апликантите за добивање студентска стипандија, дополнително треба да достават:**

• Фотокопија од личната карта на студентот.

•Уверение за положени испити;

• Потврда од високо образовната институција за редовно запишана студиска година,

•Документ кој потврдува освоени награди на државни натпревари;

•Документ кој потврдува освоени награди на меѓународни натпревари;

•Потврда за објавени стручни трудови.

**Член 9**

По завршувањето на истекот на рокот предвиден во јавниот конкурс за поднесување на пријавата, Комисијата ги разгледува доставените пријави, ги утврдува комплетните и навремено доставени пријави и врши нивно разгледување и бодирање.

Некомплетните и ненавремено доставени пријави Комисијата нема да ги разгледува и ќе бидат вратени на подносителите на пријавата.

**Член 10**

По извршеното бодирање на комплетните и навремено доставени пријави, Комисијата составува листа на бодирани кандидати.

Доколку има кандидати со ист број на бодови и иста материјална состојба Комисијата ќе донесе одлука со

мнозинство гласови, или ќе предложи до Советот на општината да се зголеми бројот на стипендии.

**Член 11**

По завршување на бодирањето на пријавените кандидати, Комисијата изготвува извештај за својата работа и подготвува Предлог-одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната година.

Предлог-Одлуката заедно со извештајот се доставуваат до Советот на Општина Демир Капија на разгледување и усвојување.

Одлуката за избор на ученици и студенти за тековната година ќе биде објавена на огласна табла во општината, на веб страната и во Службеното гласило на општината.

**Член 12**

По донесувањето на одлуката и извршениот избор, Комисијата ги известува сите пријавени кандидати и на неизбраните им ги доставува приложените документи со пријавата.

**Член 13**

Незадоволните кандидати имаат право на приговор до Комисијата во рок од 3(три) дена од денот на приемот на одлуката за избор.

Приговорот се доставува во писмена форма.

Одлуката по приговорот се доставува во рок од 5 (пет) дена од денот на доставувањето на приговорот.

Одлуката на Комисијата е конечна.

**Член 14**

Со корисникот на стипендијата општина Демир Капија ќе склучи Договор со општината во кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски и начинот на исплата на стипендијата.

Стипендијата ќе се исплатува 9 (девет) месеци во годината, започнувајќи од месец октомври, па се до месец јуни.

Стипендијата се уплатува на трансакциска сметка на корисникот на стипендијата.

**Член 15**

Во посебни случаи, овој Договор може да биде раскинат по вина на студентот доколку се утврди дека:

•Студентот дал лажни податоци во нотарски заверената изјава при поднесувањето на пријавата за користење на стипендија,

•Доколку не ја запише во редовен термин наредната студиска година,

•Доколку го прекинал студирањето.

Во случај на раскинување на Договорот, студентот е должен во целост да ги врати исплатените средства во Буџетот на општина Демир Капија.

**Член 16**

Членовите на Комисијата се должни да се придржуваат на одредбите од Правилникот.

**Член 17**

По предлог на членовите на Комисијата и на Советот на општина Демир Капија овој Правилник може да се менува на начин и во постапка како што се донесува.

**Член 18**

Правилникот стапува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавен во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/4
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/3
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на 12-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2023 година во општинската администрација на општина Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2023 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

**2**. Годишниот план за вработување во 2023 година се доставува на мислење до надлежното Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

**3**.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 643/5
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/4
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2023 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2023 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до надлежното министерство, во согласност со закон.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/6
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на Јавно претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на Јавно претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/5
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на Јавно претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2023 година на Јавното претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2023 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ЈКП БОШАВА Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/7
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/6
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2023 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, бр.04-78/1 од 11.08.2022 година, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2023 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/8
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/7
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-558/1 од 13.07.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **АЛИ ДОМАЗЕТОВ** од с.Бистренци, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200001797743381 на лицето Али Домазетов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/9
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/8 Градоначалник на
23.08.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-626/1 од 08.08.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **3.000,00 (три илјади) денари** на лицето **РАДА ИВАНОВА** од с.Прждево, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200003767614046 на лицето Рада Иванова од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/10 Претседател на Совет на
22.08.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Здружение фудбалски клуб ЛОЗАР 1946 Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Здружение фудбалски клуб ЛОЗАР 1946 Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/9 Градоначалник на
23.08.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош, на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија бр.08-652/15 од 30.07.2018 година, постапувајќи по барањето бр.08-633/1 од 09.08.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства на Здружение фудбалски клуб ЛОЗАР 1946 Демир Капија**

**1.** На Здружението фудбалски клуб ЛОЗАР 1946 Демир Капија за организирање на традиционалниот Турнир во мал фудбал "ГОЛЕМА БОГОРОДИЦА" за 2022 година се доделуваат финансиски средства во износ од 160.000,00 денари.

**2.** Здружението фудбалски клуб ЛОЗАР 1946 Демир Капија да достави извештај за тоа каде се потрошени доделените средства.

**3.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир

Капија за 2022 година ставка 463 - трансфери до невладини организации, потставка 463 110.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/11
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/10
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-653/1 од 16.08.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XII-та седница одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **10.000,00 (десет илјади) денари** на лицето **ВИОЛЕТА КАЗИЕВА** од Демир Капија ул.11-ти Октомври бр.8, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501751363470 на лицето Виолета Казиева од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/12
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за потреба за определување на граници на Заштитни зони околу бунарите за водоснабдување на Демир Капија (ЕБ-1 и ЕБ-2)**

Се објавува Одлука за потреба за определување на граници на Заштитни зони околу бунарите за водоснабдување на Демир Капија (ЕБ-1 и ЕБ-2), што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.08.2022 година.

Број 09 –666/11
23.08.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 96 став 2 од Законот за водите ("Службен весник на РМ" бр.87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015,

52/2016 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/2021) и Правилникот за начинот на определување на заштитни зони околу изворите на водите за пиење ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр.17/1983), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 22.08.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За потреба за определување на граници на Заштитни зони околу бунарите за водоснабдување на Демир Капија (ЕБ-1 и ЕБ-2)**

**Член 1**

Се опеделуваат границите на заштитните зони оклу бунарите за водоснабдување на Демир Капија (ЕБ-1 и ЕБ-2).

**Член 2**

Границите на заштитните зони околу бунарите за водоснабдување на Демир Капија (ЕБ-1 и ЕБ-2) се одредени со Елаборат изработен од страна на Градежен институт „МАКЕДОНИЈА" АД-Скопје и ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-Скопје, под Технички број: 0903-532/12, од мај 2014 година.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Елаборат за одредување на граници на заштитни зони околу бунарите за водоснабдување на Демир Капија (ЕБ-1 и ЕБ-2).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 643/13
22.08.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ". бр.50/2002 и член 123 став 10 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ."бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17,21/18 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на Директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

1. За Директор на ЈОУДГ – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија се избира:

**ЗОРАН ДИМОВ** од Демир Капија, дипломиран воспитувач, актуелен в.д.директор на детската градинка.

2. Директорот од точка 1, со мандатот на раководењето со Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија ќе отпочне од ден **01.08.2022 година**, во траење од 4 (четири) години.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 123 став 1 од Законот за заштита на децата, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе Одлука бр.04-543/1 од 03.06.2022 година, Управниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор на установата.

Управниот одбор објави Јавен оглас за избор на директор на ЈОУДГ – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија и по спроведената постапка утврдена со член 123 од Законот за заштита на децата, достави Одлука бр.02-67/4 од 11.07.2022 година за утврдување на предлог на кандидат за

избор на директор на ЈОУДГ – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија, кој е и единствениот пријавен кандидат по објавениот јавен оглас.

Имајќи во предвид дека предложениот кандидат ги исполнува условите за директор на општинската детска градинка, Градоначалникот на општина Демир Капија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Број 09 –579/1<br>19.07.2022 година<br>Демир Капија

Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р.